внатрешните потреси и лошите меѓучовечки односи еволуираа до тој степен што мораше да се превземат времени мерки.

Ц. Поповски

шен, а веќе се подготвени и повеќе изданија за наредната година во која ќе доминираат дела од светската литература, моментно најактуелни и нај читани во светот.

Е. Т.

СРЕДБА СО ДИМИТАР ГАСПАРОВ, СЛИКАР ОД ГЕВГЕЛИЈА

КОГА ПОТСВЕСТА ЗБОРУВА...

Во Центарот на култура и информации на Скопје синоќа беше отворена изложбата на Димитар Гаспаров, сликар од Гевгелија. На ова свое гостување во Скопје Гаспаров изложува четириесетина дела од својата годинашна продукција, а предизвикот да се про следи изложбата на овој уметник е дотолку поголем што во своето триесет годишно творештво тој се нема претставено пред скопската публика. Иако во неговата биографија (1938 г.) е забележано дека досега имал 20 самостојни настапи во земјава, скопјани неговото творештво можеа да го запознаат само при некои заеднички ликов ни смотри на македонските автори.

Како и да е, ова буквално отсуство на Гаспаров од скопската ликовна сцена несомнено ќе го надополнат делата со кои тој овој пат доаѓа во Скопје. Тоа се слики со кои гледачот не може, а да не води дијалог. Во нив живее духот, зборува потсвеста, сонот се меша со реалноста...

— Работам чисто интуитивно, ни рече Гаспаров при разговорот што вчера го поведовме со него. За мене сликата е — слика, само ако во неа допрам некои духовни состојби кои мојата свест тешко може да ги разбере. Не тежнеам кон тоа да соопштам некои големи вистини, туку едноставно празното платно за мене е можност да проговори мојата потсвест. Ги мами да излезат на днев на виделина сите скриени нешта, отвора некои чудни простори за кои човек не ни насетува дека постојат...

Луѓето што го познаваат вашето творештво велат дека оваа е — нов Гаспаров?

— Па да, делата што сега ги излагам носат нешто сосема ново. Меѓутоа, ако се проследи еден цел творечки пат, може да се види дека всушност новото е — старо. Дека сè води кон еден пат. Така и со моето творештво. Мотивот е ист, а поинаков е само ликовниот ракопис.



ДИМИТАР ГАСПАРОВ

— Интересно е дека вие сте еден од ретките уметници кај нас што го носат статусот — слободни. Може ли да се преживее?

— Штом сум жив, значи може. Се шегувам! Интересно е дека во последниве години нешто чудно поч на да се случува: луѓето се почесто купуваат слики.

В. Саздова